РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-3612/2
24-02-2021 v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од група подносители, поранешни вработени во АД --------------------------- во стечај , на 46-а седница, на продолжението на седницата одржано на ден 19 Февруари 2021 година, донесе

## Одлука

Пријавата за корупција бр. 12 - 3612/1 од 18.07.2019 година, доставена од група подносители, поранешни вработени во АД ------------------, во стечај - потпишана од лицата --------------------- и ------------------------------, двајцата од --------------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3612 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3612/1 од 18.07.2019 година.

Предметот со број 12-3612 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-3612 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12- 3612/1 од 18.07.2019 година, од подносителите - група поранешни вработени во АД ----------------, во стечај - , потпишана од лицата ---------------------- и ------------------, двајцата од ------------------.

Пријавата содржи наводи и сомневања за противправно постапување поврзано со продажбата на недвижен и друг имот на стечајниот должник по основ на утврдено разлачно право на група поранешни вработени кај стечајниот должник, од страна на три физички лица полномошници на поранешните вработени во која како купувач се јавува правно лице од ----------------, а сомневања се изразуваат и спрема стечајниот управник на наведеното акционерско друштво по однос на кое посочуваат дека против истиот се водела постапка за сторено кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување.

Од содржината на пријавата произлегуваат сомнежи кај подносителите во врска со повеќе исплатените средства од страна на купувачот на имотот на стечајниот должник, за дел од кои сметаат дека се неосновано уплатени на сметка на стечајниот должник, како и дека од страна на банката преку која се извршени трансакциите по основ на склучениот договор не била/е извршена договорената исплата на персоналниот данок од доход , па оттаму и нивните сомневања за противправно постапување на службеници и на директорот на банката.

Видно од пријавата и приложената документација пред Основниот суд ---------------- се водела постапка по тужба, против ополномоштените потписници на договорот за продажба на побарување ------------ од ----------

------------ година, заверен кај нотар за подрачје на Основниот суд ----------- и против правното лице купувач на побарувањето на вработените, во која постапка од првостепениот суд била донесена пресуда ---------------- ----- ---------- од ------------------- година.

Наведената првостепена пресуда, во постапка по вложени жалби од првотужениот и од третотужената - правното лице купувач, од страна на надлежниот второстепен суд била преиначена и овој суд пресудил така што тужбеното барање на тужителите, --------- и други - да се поништи договорот за продажба на побарување - -------------- и во иднина истиот да не произведува правни дејствија, го одбил како неосновано, а причините за тоа детално ги образаложил, вклучително и со причината која се однесува на прифаќањето на исполнувањето од спорниот договор на начин што од страна на тужителите ( и другите поранешни вработени и доверители во постапката) е прифатено во целост исполнувањето од страна на купувачот, кога го прифатиле својот дел од уплатениот износ согласно своите побарувања.

Според пријавата и приложената документација, дел од изразените сомневања на подносителите се однесуваат на стечајниот управник во конкретната стечајна постапка, меѓутоа од еден од прилозите кон пријавата произлегува дека против ова лице, пред надлежниот првостепен суд, била водена кривична постапка во предметот под ------- бр. ------------------- за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување по член 353 ст. 3 в.в. став 1 од Кривичниот законик, а наводи за конкретни корумптивни дејствија сторени од други избрани или именувани лица, лица кои вршат јавна функција или јавно овластување поврзано со истиот пријавен случај не се посочени и не се констатираат.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека се работи за пријавен случај и за фактичка состојба која била предмет на постапување на надлежните судови, во водените граѓански спорови и одделно во кривичниот предмет, како е погоре наведено.

Според наводите содржани во пријавата бр. 12-3162/1 од 19.06.2019 година и придружната документација, од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека истата не содржи елементи кои би претставувале основ за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 19 Февруари 2021 година под бр. __________/______**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : С.П.Д., Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносител